**20161413391**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, ПРОИЗВОДИ И ПРЕРАБОТКИ ОД ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ОД ГОВЕДА, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

Член 1

Со ова решение се забранува увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија заради спречување на внесување на вирусот на болеста на чвореста кожа (Lumpy skin disease).

Забраната од став 1 на овој член се однесува на пратки кои потекнуваат од општините Плав и Гусиње во Република Црна Гора.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02 – 4117/1
22 јули 2016 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за храна и ветеринарство,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.